ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr 08-3459/2
04. 04. 2023 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20) и член 3 од Деловникот за работа на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје“ број 7/22) Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје**

## 1. Предмет

**1.1** Предмет на Јавниот оглас е избор на 9 (девет) членови на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје (во натамошен текст: Партиципативно тело за урбанизам).

**1.2** Партиципативното тело за урбанизам ги претставува сите различни интереси и интересни групи во градот Скопје и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења до Советот на Град Скопје.

**1.3** Пријава по овој Јавен оглас можат да поднесат заинтересирани лица, претставници од:
- урбаните и месните заедници,
- невладини организации од различните сегменти на урбаниот живот,
- здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на градот што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и
- граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

**1.4** Мандатот на членовите на Партиципативното тело за урбанизам е во траење од четири години.

**1.5** Работата на членовите на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје е на доброволна основа и за нивната работа во телото не се исплаќа надомест.

## 2. Услови

**2.1** Заинтересираните кандидати од потточка 1.3 на Јавниот оглас, треба да ги исполнуваат следните критериуми:
- Да е државјанин на Република Северна Македонија,

- Да е жител на Град Скопје,
- Да е преставник на урбана и месна заедница од Градот Скопје или невладини организации од различните сегменти на урбаниот живот или здруженија на граѓани или граѓански активист од подрачјето на градот што ги претставува различните групи на граѓани или стручно лице од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

**2.2** Искуството во сферата на просторното и урбанистичко планирање ќе се смета за предност.

**3. Начин на пријавување на Јавниот оглас**

**3.1** Лицата кои ги исполнуваат условите од точка 2 на овој оглас, потребно е до Град Скопје да доставаат:
- Пријава (образецот е во прилог на Јавниот оглас),
- Валиден документ за лична идентификација (копија),
- Потврда за членство во невладина организација или здружение на граѓани односно претставник на урбана или месна заедница,
- Биографија во која ќе биде наведено личното и професионално искуство поврзано со предметот на работа на Партиципативното тело за урбанизам,
- Изјава за давање согласност за обработка на лични податоци (образецот е во прилог на Јавниот оглас),
- Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот).

**4. Начин на спроведување на Јавниот оглас**

**4.1** Постапката по јавниот оглас за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам ја спроведува Комисијата за верификација, мандатни прашања, за признанија, преставки и поплаки при Советот на Град Скопје (во понатамошниот текст: Комисија).

**4.2** Комисијата во рок од 5 работни дена по завршувањето на Јавниот оглас врз основа на поднесените документи на лицата кои аплицирале, ќе утврди предлог за избор на членови во Партиципативното тело за урбанизам.

**4.3** Комисијата, предлогот од потточка 4.2, во рок од 5 дена по неговото утврдување, ќе го достави до Претседателот на Советот на Град Скопје, во форма на предлог одлука.

**4.4** Советот на Град Скопје на предлог на Комисијата, ќе донесе Одлука за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам.

**4.5** Доколку Комисијата не утврди предлог за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам во рокот утврден во потточка 4.2, или не го достави предлогот до претседателот на Советот во рокот од потточка 4.3, Јавниот оглас ќе се поништи и Град Скопје ќе распише нов оглас.

**5. Рок и начин на доставување на пријавите**

**5.1** Рокот за поднесување на пријавите е до .........2023 година (30 дена од денот на објавувањето на веб страната на Град Скопје и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место).

**5.2** Пријавата со целокупната документација треба да се достави до Град Скопје преку пошта на адреса бул „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје или во Архивата на

Град Скопје (барака 16), најдоцна до ............2023 година до 15:00 часот, како последен ден од завршувањето на Јавниот оглас, со назнака: „Јавен оглас за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам".

**5.3** Пријавите се доставуваат во затворен коверт без назначување на субјектот кој ја поднесува пријавата.

**5.4** Пријави што не се доставени на начин како што се бара во Јавниот оглас, односно содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и тие што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

5.5. Прашањата за појаснување на Јавниот оглас лицата заинтересирани за аплицирањето може да ги поставуваат до Секторот за поддршка на Советот на Град Скопје контакт лице-Љубица Хаџи Панзова,контакт тел:(02)3297-358е-маил адреса: Ljubica.Hadzi.Panzova@skopje.gov.mk.како и до Секторот за планирање и уредување на просторот контакт лице-Виктор Михајлов, контакт тел: (02) 3297-247 е-маил адреса: Viktor.Mihajlov@skopje.gov.mk.

**ГРАД СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT